Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 50, 1 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за областа машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........11

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен доцент за подрачјето машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област микробиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........18

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........22

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреднен професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........58

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент група биологија, научна област биохемија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........73

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област маркетинг на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ, ПОДРАЧЈЕ АРХЕОЛОГИЈА, НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, со своја Одлука бр. 2402-116/48 од 1.9.2010 година, избра Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање ***насловен доцент*** за наставно-научната област ***хуманистички науки***, подрачје ***археологија***, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Елица Манева,
2. проф. д-р Виктор Лилчиќ,
3. проф. д-р Кирил Цацков,

со внимание ги прегледа приложените документи и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Трајче Нацев** е роден на 1 октомври 1959 година во Неготино, каде го завршува основното образование. Средното образование го завршува во Штип. Во 1986 година дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје, на наставно-научната студиска Група за историја на уметноста со археологија.

Во 2006 година магистрира на Институтот за историја на уметноста и археологија, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со магистерска теза од археологијата на тема „*Доцноантичкиот град Баргала*“, под менторство на професор д-р Виктор Лилчиќ.

На 26 мај 2010 година, докторира во областа на археологијата на тема „*Антиката во Брегалничкиот басен*“, под менторство на професор д-р Виктор Лилчиќ,

Од 1988 година е вработен во НУ Завод и Музеј - Штип, како кустос-археолог за предисториска археологија. Од 1999 година се здобива со звањето виш конзерватор-археолог, а од 2009 година со звањето археолог-советник конзерватор.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатот д-р Трајче Нацев има педагошко искуство како наставник по предметите Историја на уметноста и Ликовна култура во неколку средни училишта: Средно медицинско училиште „Јане Сандански“ - Штип, Средно музичко училиште „Сергеј Михајлов“ - Штип и Центар за специјално средно образование и воспитание „Искра“ - Штип, во учебните 1996/1997 г. и 1997/1998 г.

Во организација на НВО Центар за археолошки истражувања – Скопје, кандидатот изведува две предавања за античкиот град Баргала и археолошките локалитети во Источна Македонија.

***Научноистражувачка дејност***

Во периодот од 1988 до 2010 година, д-р Трајче Нацев раководи со над 80 научноистражувачки проекти, главно, поддржани од страна на Министерството за култура на Република Македонија, а како член учествува во 30 други проекти.

Во тој поглед ги истакнуваме сериозноста и чувството за организација на кандидатот при реализирањето на археолошките истражувања. Од листата на локалитетите каде што кадидатот работел се гледа дека се застапени Централна и Источна Македонија, со фокус на долината на реката Брегалница. Токму ова негово константно присуство при

археолошко-конзерваторските работи на античкиот град Баргала и на огромниот број локалитети по долината на реката Брегалница му овозможија продлабочено да ја студира недвижната и движната материјална култура од антиката и максимално ефектно да ги комплетира студиите за античкиот град Баргала и за античката култура - археологијата долж реката Брегалница.

Најзначајно публикувано дело на кандидатот д-р Трајче Нацев претставува монографијата „*Доцноантичкиот град Баргала*“ (2008, Штип). Студијата за Баргала претставува стручна и научна интерпретација на еден од најголемите доцноантички градови од источните делови на Република Македонија и е резултат на долгогодишните проучувања на доцноантичкиот град Баргала, оформен во далечниот IV век од н.е., на границата помеѓу провинциите Македонија Втора и Средоземна Дакија. Се работи за најновата слика на Баргала, создадена врз темелот на студиозната анализа на ѕидните опуси, градежните и архитектонските фази, типологија на одделните фортификациски елементи врз основа на долгогодишните прецизни археолошки ископувања и кабинетски проучувања на археолошкиот материјал од Баргала.

Кндидатот д-р Трајче Нацев е активен член на асоцијацијата Македонско археолошко научно друштво (МАНД). Тој е активен учесник на редовните собири, при што се значајни неговите предавања на XIII симпозиум одржан во Скопје (1991), на тема „*Фибули и игли од железнодопските наоѓалишта во Штипско*“; потоа на XIV симпозиум во Свети Николе (1995) заеднички реферат со д-р Марјан Јованов, на тема „*Локалитет Орлова Чука - тумул III*“; потоа на XVI симпозиум во Валандово (1999) со реферат на тема „*Баргала, конзерваторско-реставраторски работи 1996-1998*“; како и на XVII симпозиум во Велес (2001), заеднички реферат со Звонко Белдедовски на тема „*Новооткриен термален објект во Баргала*“.

Научното фокусирање на д-р Трајче Нацев делумно се задржало во рамките на железното време преку истражувањата на локалитетот Орлова Чука, потоа врз накитот од железновременските наоѓалишта од Штипско и Валандовско. Тој се занимавал и со проблемите на предисториските камени секири од Штипско.

Со текот на времето и по раководењето и учествувањето во археолошките истражувања и ископувања на голем број археолошки локалитети, Т. Нацев навлегува длабоко во проблемите на античката археологија, полеогенеза, нумизматика, градежништво и архитектура. Забележителни се притоа неговите стручни и научни прилози посветени на новооткриениот термален објект во Баргала, внимателната анализа и прецизното хронолошко разграничување на градежните опуси и ѕидни партии од фортификациската рамка на градот Баргала. Т. Нацев се занимавал и со рановизантиската нумизматика, ценето преку прилогот *Депо монети од археолошкиот локалитет Баргала*, каде со коавторот Б. Јовановска стручно обработува депо монети исковани од рановизантиските цареви Анастазиј, Јустин I, Јустинијан II, Јустин II, Тибериј II, Константин и Маврикиј.

Од стручните известувања, од археолошките ископувања и заштитни конзерваторско-реставраторски кампањи на огромниот број локалитети, би ги издвоиле прилозите за локалитетите: Градиште, село Град, Делчево (Археолошки истражувања и конзерваторско-реставраторски работи на археолошкиот локалитет Градиште, с. Град - Делчево, Зборник IX-X, НУ Завод и Музеј - Штип црквите на локалитетот Кале, село Крупиште (Археолошки истражувања и конзерваторско-реставраторски работи на црквата „Св. Никола“ и базиликата под темелите на црквата во село Крупиште, Зборник VII, НУ Завод и Музеј - Штип; конзерваторско-реставраторски работи на археолошкиот локалитет Кале - Црвена Црква, Зборник VIII, НУ Завод и Музеј – Штип, потоа повеќе локалитети во рамките на заштитните истражувања во периодот од септември 2007 до јули 2009 година по трасата на хидросистемот Злетовица (Трите керамитки, резултати од заштитните археолошки истражувања Злетовица 2007-2009 (Штип 2009).

Меѓу многуте трудови на кандидатот д-р Трајче Нацев се издвојува сè уште непубликуваниот текст на неговата дисертација. Во ова дело, тој ги претставува своите истражувања на античкото цивилизациско јадро во Брегалничкиот басен. Всушност, по долги години сопствени истражувања на големиот број археолошки локалитети во долината на реката Брегалница, Т. Нацев, респектирајќи ги и вградувајќи ги научните

резултати од страна на плејада претходни истражувачи, создава дисертација или би рекле најнова стручно-научна слика на античките градови, утврдувања, движни материјали, патишта, древната економија во областите на Малешево, Пијанец, Виница, Кочани, Штип и Свети Николе, сите долж Брегалничкиот басен од изворот па речиси до утоката во реката Вардар.

***Стручно-апликативна, експертска и поширока активност***

Од стручните публикации го истакнуваме каталогот „Накитот низ вековите", НУ Завод и Музеј – Штип (Штип, 2001), каде Т. Нацев е автор на делот *Накит во предисторијата* и каталогот „Пијанец од праисторијата до денес", Републички завод за заштита на спомениците на културата (Делчево, 2001).

Д-р Трајче Нацев бил стручен консултант на археолошките истражувања на црквата „Св. Петка" во Пехчево.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Сумирајќи ја гореизложената наставна, научноистражувачка, стручно-апликативна и поширока дејност на кандидатот д-р Трајче Нацев, цениме дека се работи за кандидат со искуства во педагошката дејност во рамките на средношколското образование, за активен и научен работник во сферата на археологијата, историјата и културата и голем познавач на заштитата и конзервацијата на културното наследство на Република Македонија.

Согласно со изнесените податоци, како членови на Рецензентската комисија, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, **кандидатот д-р Трајче Нацев да биде избран во звањето наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *хуманистички науки*, подрачје *археологија*, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Елица Манева, с.р.**
**Проф. д-р Виктор Лилчиќ, с.р.**
**Проф. д-р Кирил Цацков, с.р.**

**ТАБЕЛА**

за вреднување на активностите на д-р Трајче Нацев, според критериумите дадени со Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вкупно: | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Монографија | 1 | 10 | **10** |
| Учесник во научен проект | 30 | 2/3 | **60** |
| Раководител на научен проект | 80 | 4 | **320** |
| Вкупно: | | | **390** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Труд во стручно (научно-популарно) списание | 6 | 2/3 | **12** |
| Учество на стручен собир со реферат | 4 | 0,5/1 | **4** |
| Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | **2** |
| Вкупно: | | | **18** |
| **ВКУПНО** | **408** | | |